Трговско радио дифузно друштво
ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ
Бр. 73/20
01. 12. 2020 год.
Тетово

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЖЕЛИНО
Бр.-Nr. 09-1296/1
25. 12. 2020 год.-viti
Желино - Zhelinë

# ДОГОВОР ЗА ДЕЛОВНО - ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

Склучен во Тетово на 2020 година, помеѓу:

1. Трговското радиодифузно друштво Тв Коха Дооел Тетово, со седиште на ГТЦ Триада, втори спрат, со ЕМБС 4961544 и ЕДБ 4028995108379, застапувано од управител Меваип Абдиу( во понатамошниот текст – Давател на услуга),и

2. Општина Желино, преставувано од градоначалникот Блерим Сејдиу ,(во понатамошниот текст-Корисник на услуга).

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е деловно-техничка соработка за дистрибуција:

- На вести и соопштенија во врска со активностите на Општина Желино во програмата на Регионалната телевизија Тв Коха и на нејзината веб страна www.tvkoha.tv.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Договорот се склучува за период од една (1)година. Неговата примена почнува на ден 01.12.2020 година, а ќе заврши на ден 01.12.2021 година.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Месечниот надомест за извршување на услугата опишана во член 1 од овој договор изнесува 12.300 денари.

Во цената не е пресметан ДДВ, кој паѓа на терет на корисникот на услугата

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 4

Давателот на услугат се обврзува да објави содржини и соопштенија за активностите и потребите на корисникот на услугата во информативните емисии, вести и други емисии, како и на веб страната на телевизијата.

Член 5

Корисникот на услугата се обврзува плаќањето да го изврши вирмански во рок од осум(8) дена од денот на приемот на фактурата.

Член 6

Како лице за контакт од страна на Давателот на услугата се определува Амир Абдиу-лице овластено од управителот на Телевизија Коха.

Лице за контакт од страна на Корисникот на услугата е ----------

РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 7

Не се предвидува корекција на цената, односно месечниот надоместок утврден во член 3 од овој договор е фиксен за целото времетраење на Договорот.

ВИША СИЛА

Член 8

Ниту една од договорените страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор, ако до тоа дојде заради Виша сила.Ако една од договорените страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причинита за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранувањето на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

Член 9

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор,договорните страни ќе настојуваат да ги решаваат во духот на добрите деловни односи и обичаи со меѓусебно почитување и договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од десет(10) дена, спорот ќе се решава пред надлежниот суд во Скопје.

УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од три(3) дена за исполнување на обврската. Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине Договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел на обврската.

Двете страни имаат право да го откажат договорот во рок од 30 дена од денот на приемот на писменото известување од другата страна.

Доколку ниедна од договорените страни не побара прекин или измена на Договорот, 30 дена пред истекот на неговата важност, Договорот се продолжува со нов Договор или Анекс-Договор.

КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 11

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено, со заедничка согласност.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на сновниот договор или со Анекс на основниот договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 13

Овој Договор е составен во четири (4) еднообразни примероци, од кои секоја страна задржува по два(2) примерока.

Даватели на услуга — Давател на услуга
ТРДД Тв Коха
Мевaип Абдиу-управител

Корисник
Општина Желино
Блерим Сејдиу-градоначалник